**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ, 2022 ГОДИНА

јануари 2023 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1;2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: нето-заострување на кредитните услови, исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити, послабо во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2023 година: нето-заострување на условите за одобрување кредити, при нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-заострување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, малку посилно во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на домаќинствата, за разлика од минималното нето-зголемување во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2023 година: нето-заострување на кредитните услови, при мало нето-зголемување на побарувачката на кредити од страна на домаќинствата.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменета побарувачка на вкупните корпоративни кредити, за разлика од високото зголемување во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2023 година: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, при непроменета побарувачка на корпоративните кредити.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најде на следнава врска: Временска серија по групи банки.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-заострување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на кредити на домаќинствата, за разлика од нето-намалувањето во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2023 година: нето-заострување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, при нето-намалување на побарувачката од страна на домаќинствата.

### *Мали банки*

## Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменетост на условите за одобрување корпоративни кредити, за разлика од нето-заострувањето во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменетост на побарувачката на корпоративни кредити, за разлика од нето-зголемувањето во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2023 година: нето-заострување на кредитните услови, при нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

## Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: непроменетост на условите за одобрување кредити на домаќинствата, исто како во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменетост на побарувачката на кредитите на домаќинствата, исто како во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2023 година: нето-заострување на кредитните услови, при нето-зголемување на кредитната побарувачка од страна на домаќинствата.